1. Советот на Општина Берово го усвои Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2019 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2019 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4645/1
26.12.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски

Врз основа на член 34 став 2 алинеја 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.16/04,96/04,67/07,156/09 и 47/11), Градоначалникот на Општина Берово доставува

ИЗВЕШТАЈ

За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година

Согласно Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година, во која се предвидени средства за потребите за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Берово. Јавното претпријатие за државни патишта со Одлука за распределба на сретства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2019 год на Општина Берово и одобри средства во износ од 3.044.914,00 денари.

Програмата се одвиваше согласно утврдената динамика, така да во текот на 2019 година Општина Берово ги реализираше следните активности:

| | | |
|---|---|---|
| **Изградба на локални патишта , улици и тротоари** | **14.688.760,00** | |
| - Изградба на улица „Којова ливада“ | | 3.401.014,00 |
| - Изградба на улица „20“ Ширината | | 5.682.404,00 |
| - Изградба на улица „Прохор Пчински“ | | 3.014.315,00 |
| - Изградба на кружна раскрсница | | 999.666,00 |
| - Изградба на улица с.Смојмирово - Берово | | 814.200,00 |
| - Изградба на пешачка патека спој на ул.„Борис Кидрич“ – ул.„Димитар Вахов“ | | 101.831,00 |
| - Изградба на кеј | | 675.330,00 |
| **Реконструкција на локални патишта и улици** | **8.353.737,00** | |
| - Реконструкција на ул.„Гоце Делчев“ с.Русиново | | 1.262.282,00 |
| - Реконструкција на ул.„Јане Сандански“ Берово | | 1.801.896,00 |
| - Реконструкција на ул.„Страшо Пинџур“ Берово | | 275.397,00 |
| - Реконструкција на локален пат с.Владимирово – с.Мачево | | 5.014.162,00 |
| - Реконструкција на ул.„Даме Груев“ Берово | | 1.096.196,00 |
| - Реконструкција на крак на ул.„Маршал Тито“ Берово | | 1.345.137,00 |
| - Реконструкција на улици с.Владимирово - Берово | | 898.895,00 |
| **Одржување и заштита на локални патишта и улици** | **717.040,00** | |
| - Изградба на потпорен зид ул.„Балканска“ - Берово | | 400.546,00 |
| - Зимско Одржување на улици и локални патишта | | 316.494,00 |
| **Изработка на хоризонтална сигнализација на улици во Берово** | **383.028,00** | |
| **Крпење ударни дупки на улици** | **402.665,00** | |
| **Отплата на кредит** | **2.337.414,00** | |
| **Експропријација на земјиште за изградба на улици** | **829.327,00** | |
| **Изработка на проекти и елаборати** | **2.828.342,00** | |
| **Надзор на изградба на објекти** | **516.646,00** | |
| **Вкупно потрошени средства 2019 год.** | **31.156.959,00денари** | |

Изготвил
Драган Трнковски с.р.
________________

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за давање на времено користење без надомест на движни ствари - канцелариски мебел на ЈПКР "Услуга" Берово

Се објавува О Д Л У К А за давање на времено користење без надомест на движни ствари - канцелариски мебел на ЈПКР "Услуга" Берово, Бр.09-4646/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/8 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), и член 64 Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) а во врска со Барањето на ЈПКР "Услуга" Берово Бр.03-838/1 од 17.12.2019 година, примено во Општина Берово под Бр.09-4488/1 од 17.12.2019 година, Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање на времено користење без надомест на движни ствари - канцелариски мебел на ЈПКР "Услуга" Берово

Член 1

Со оваа Одлука се даваат на времено користење без надомест движни ствари - канцелариски мебел на ЈПКР "Услуга" Берово кој се состои од:

- 1 (еден) број работно биро со додаток масичка **со инвентарен број 0649;**
- 1 (еден) број шкаф за документи со **инвентарен број 0657**;

кои се во сопственост на Општина Берово.

Член 2

Во периодот во кој ќе ги користат, ЈПКР "Услуга" Берово е должно да се грижи за стварите со внимание на добар домаќин, односно добар стопанственик.

Член 3

Доколку настанат одредени оштетувања на стварите во периодот за кој му се преотстапени, корисникот е должен да ја надомести настанатата штета.

Член 4

Доколку кај давателот на стварите (Општина Берово) се јави потреба од предметните ствари, Советот на општина Берово ќе донесе Одлука за престанок на оваа Одлука и враќање на стварите во владение на Општина Берово.

Член 5

Примопредавањето на движната ствар помеѓу двете страни ќе биде констатирано со посебен Записник, потпишан од овластени лица од Општина Берово и ЈПКР "Услуга" Берово.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4646/1 Совет на Општина Берово
26.12.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
За усвојување на Деветмесечен финансиски извештај
на ЈПКР „Услуга’’- Берово за 2019 година

Се објавува З А К Л У Ч О К За усвојување на Деветмесечен финансиски извештај на ЈПКР „Услуга’’- Берово за 2019 година, Бр.09-4647/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/9 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19) , Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Деветмесечен финансиски извештај
на ЈПКР „Услуга’’- Берово за 2019 година

1. Советот на Општина Берово го усвои Деветмесечен финансиски извештај на ЈПКР „Услуга’’- Берово за 2019 година, Бр.01-815/2 од 02.12.2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4647/1 Совет на Општина Берово
26.12.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за работа на
ЈПКР “Услуга” Берово за 2020 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2020 година, Бр.09-4648/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/10 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 29 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19) , Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за работа на
ЈПКР "Услуга" Берово за 2020 година

1. Советот на Општина Берово дава согласност на Програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2020 година, усвоена од Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово со Одлука бр.02-864/1 од 25.12.2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4648/1 Совет на Општина Берово
26.12.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзија
за учениците од III (трето) одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово

Се објавува З А К Л У Ч О К за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзија за учениците од III (трето) одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово, Бр.09-4649/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/11 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 73 Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр.13/02 и 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзија
за учениците од III (трето) одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово

1. Советот на Општина Берово дава позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзија на учениците од III (трето) одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4649/1 Совет на Општина Берово
26.12.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзија
за учениците од VI (шесто) одделение ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово

Се објавува З А К Л У Ч О К за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзија за учениците од VI (шесто) одделение ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово, Бр.09-4650/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/12 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 73 Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр.13/02 и 18/07,30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзија
за учениците од VI (шесто) одделение ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово

1. Советот на Општина Берово дава позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзија на учениците од VI (шесто) одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4650/1 Совет на Општина Берово
26.12.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Дополнување на
П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ)
за изградба,реконструкција и одржување
на локални патишта и улици во Општина Берово
во 2020 година

Се објавува Дополнување на П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2020 година, Бр.09-4651/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/13 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ БР.5/2002),а во врска со член 14 став 4 и член 15 став 3 од Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр.84/08........163/16) и член 19 став 2 точка 12 од Статутот на Општина Берово, Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 год. донесе:

Дополнување на
П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ)
за изградба,реконструкција и одржување
на локални патишта и улици во Општина Берово
во 2020 година

Член 1

Се врши дополнување на Програма (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2020 година, со Бр.09-4533/1 од 19.12.2019 година донесена од Советот на Општина Берово.

Член 2

Во точка 1 Изградба, доизградба,реконструкција и санирање на улици во Општина Берово се вршат следните измени:

Во подточка 1.2 Реконструкција и рехабилитација на улици вредноста „38.053.794,оо денари„ се менува и гласи „ 43.579.729,оо денари„.

Во истата подточка, после четвртата алинеја се додаваат нова алинеја која гласи:

*Реконструкција на постоечка улица „3" на Беровско езеро........ 5.525.935,00ден

Во подточката Се вкупно 1.1+1.2+1.3+1.4+1.5+1.6+1.7+1.8+1.9+1.10 вредноста „64.497.800,оо денари„ се менува и гласи „70.023.735,оо денари„.

Во последната подточка Се вкупно 1+2 вредноста „65.677.800,оо ден." се менува и гласи „71.203.735,оо ден."

Член 3

Во делот „ПРИХОДИ„ се вршат следните измени:

Во Точката 1. Изградба,доизградба, реконструкција и санирање на улици и подточката - Средства од повисоко ниво на власт и донации,вредноста „34.713.640,00 ден." се менува и гласи „40.239.575,00 ден."

Во истата подточка, после втората алинеја се додава нова алинеја која гласи:

* -Средства за Реконструкција на постоечка улица „3" на Беровско езеро се предвидени од:

-Светска банка............................................................................ 5.525.935,00 ден денари„.

Во подточката Вкупно вредноста „64.497.800,оо денари„ се менува и гласи „70.023.735,оо денари„.

Во последниот став Се Вкупно 1+2 вредноста „65.677.800,оо денари„ се менува и гласи „71.203.735,оо денари„.

Член 4

Останатите одредби од Програма(ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2020 година, со Бр.09-4533/1 од 19.12.2019 година донесена од Советот на Општина Берово, останувaат исти.

Член 5

Овие измени и дополнувања влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се објават во „Службен Гласник на Општина Берово„ .

Бр.09-4651/1
Во Берово
26. 12.2019 година

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Дополнување на
П Р О Г Р А М А ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2020 година

Се објавува Дополнување на П Р О Г Р А М А ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2020 година, Бр.09-4652/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/14
26.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ БР.5/2002),а во врска со член 14 став 4 и член 15 став 3 од Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр.84/08........163/16) и член 19 став 2 точка 12 од Статутот на Општина Берово,Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 год. донесе:

Дополнување на
П Р О Г Р А М А ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2020 год.

Член 1

Се врши дополнување на Програма за комунални дејности , со бр. 09-4538/1 од 19.12.2019 година донесена од Советот на Општина Берово.

Член 2

Во точка ЈНО Урбана опрема (капитални расходи) се вршат следните измени:

Вредноста „200.000„ се менува и гласи „ 4.740.000,00„.
Во истата точка, после втората алинеја се додаваат 2 нови алинеји кои гласат:
*Набавка на реквизити за детски игралишта ........140.000,00
*Набавка на тезги за градски пазар.......................4.400.000,00
Во РЕКАПИТУЛАЦИЈА вредноста „33.360.371„ се менува и гласи „37.900.371,оо денари„.
Во ИЗВОРНИ ПРИХОДИ во подточка Средства од повисоко ниво на власт вредноста „24.313.199,00“ се менува и гласи „29.053.199,00.“
Во точката ВКУПНО Вредноста „33.360.371,00“ се менува и гласи „37.900.371,00“

Член 4

Останатите одредби од Програма за комунални дејности за 2020 год., со бр. 09-4538 од 19.12.2019 година донесена од Советот на Општина Берово, остануваат исти.

Член 5

Овие измени и дополнувања влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се објават во „Службен Гласник на Општина Берово„ .

Бр.09-4652/1
Во Берово, 26. 12.2019 година

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за давање на времено користење без надомест на движни ствари -
кујнска маса и дупол садопер на црква Света Параскева с.Русиново

Се објавува О Д Л У К А за давање на времено користење без надомест на движни ствари - кујнска маса и дупол садопер на црква Света Параскева с.Русиново, Бр.09-4653/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/15 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), и член 64 Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) а во врска со Барањето на Одбор на црква Света Параскева с.Русиново, претставувана од Свештеник Васил Вакански Бр.5 од 29.11.2019 година, примено во Општина Берово под Бр.08-4288/1 од 29.11.2019 година и Заклучокот од Совет на Општина Берово Бр. 09- 4288/2 од 19.12.2019 година, Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање на времено користење без надомест на движни ствари -
кујнска маса и дупол садопер на црква Света Параскева с.Русиново

Член 1

Со оваа Одлука се даваат на времено користење без надомест движни ствари - кујнска маса и дупол садопер на црква Света Параскева с.Русиново, општина Берово, кој се состои од:

- 1 (еден) број кујнска маса (росвајт) **со инвентарен број 0795;**
- 1 (еден) број дупол садопер (росвајт) со **инвентарен број 0794**;

кои се во сопственост на Општина Берово.

Член 2

Во периодот во кој ќе ги користат, Одборот при црква Света Параскева с.Русиново е должен да се грижи за стварите со внимание на добар домаќин, односно добар стопанственик.

Член 3

Доколку настанат одредени оштетувања на стварите во периодот за кој му се преотстапени, корисникот е должен да ја надомести настанатата штета.

Член 4

Доколку кај давателот на стварите (Општина Берово) се јави потреба од предметните ствари, Советот на општина Берово ќе донесе Одлука за престанок на оваа Одлука и враќање на стварите во владение на Општина Берово.

Член 5

Примопредавањето на движната ствар помеѓу двете страни ќе биде констатирано со посебен Записник, потпишан од овластени лица од Општина Берово и Одборот при црква Света Параскева с.Русиново.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4653/1 Совет на Општина Берово
26.12.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2020 година

Се објавува О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2020 година, Бр.09-4654/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/16 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/2002), член 23 став 3 од Закон за угостителската дејност (Службен весник на Република Македонија бр.62/2004………..71/2016), и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на 28-тата седница одржана на 26.12.2019 година донесе:

О Д Л У К А
за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2020 година

Член 1
Со оваа одлука, Советот на Општина Берово го продолжува работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово во согласност со Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2020 година.

Член 2
Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 1 час за деновите:

- 1 јануари;
- 18-ти јануари;
- 1-ви и 2-ри мај;
- 23-ти и 24-ти мај;
- 5 и 6 јуни;
- 7-ми септември;
- 10-ти и 11-ти октомври
- 22 и 23 октомври
- 7-ми декември

Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 2 час за деновите:

- 4-ти, 5-ти и 6-ти јануари;
- 17-ти, 18-ти и 19-ти април;

- 1-ви и 2-ри август и
- 27-ми, 28-ми и 29-ти август.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр. 09-4654/1
26.12.2019 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Измени на О Д Л У К А
за престанок и давање на времено користење без надомест на движни ствари – 56 (педесет и шест) преносни компјутери (лаптопи)

Се објавува Измени на О Д Л У К А за престанок и давање на времено користење без надомест на движни ствари – 56 (педесет и шест) преносни компјутери (лаптопи), Бр.09-4655/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/17
26.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02), член 19 став 2 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 28-та Седница одржана на 26.12.2019 година донесе:

Измени на О Д Л У К А
за престанок и давање на времено користење без надомест на движни ствари – 56 (педесет и шест) преносни компјутери (лаптопи)

Член 1

Се вршат измени на Одлуката за престанок и давање на времено користење без надомест на движни ствари – 56 (педесет и шест) преносни компјутери (лаптопи), со бр. 09-3955/1 од 06.11.2019 година донесена од Советот на Општина Берово.

Член 2

Во членот 3 став 1 точка 8 од Одлуката за престанок и давање на времено користење без надомест на движни ствари – 56 (педесет и шест) преносни компјутери (лаптопи), зборовите „ 2

(два) на ОСУ “Ацо Русковски” Берово „ се заменуваат со зборовите “1 (еден) на Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост”.

Во членот 3 став 1 точка 11 од истата одлука зборот „4 (четири)„ се заменува со зборот „5 (пет)„ и истата точка со измената гласи:

- 5 (пет) преносни комјутери да бидат распределни од страна на Градоначалникот на општина Берово, а согласно потребите.

Член 3

Останатите одредби од Одлуката за престанок и давање на времено користење без надомест на движни ствари – 56 (педесет и шест) преносни компјутери (лаптопи), со бр. 09-3955/1 од 06.11.2019 година донесена од Советот на Општина Берово, остануваат исти.

Член 4

Овие измени се составен дел од Одлуката за престанок и давање на времено користење без надомест на движни ствари – 56 (педесет и шест) преносни компјутери (лаптопи), со бр. 09-3955/1 од 06.11.2019 година донесена од Советот на Општина Берово и влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се објават во „Службен Гласник на Општина Берово„ .

Бр.09-4655/1
Во Берово, 26.12.2019 година

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација Бр.09-4656/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/18
26.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" Бр.61/04……192/2015), Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 година донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги, дадена од давателот Проектантско Биро Студио Џон и Џони Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Берово се состои во:

- 2 (два) броја Проектна документација - Основен Проект за водоводна линија за дел од ул. "Прохор Пчински" – Берово со Тех.бр.266/19 (во хартиена и електронска форма), изработен од страна на Проектантско Биро Студио Џон и Џони Скопје и
- 2 (два) броја од Завршен Ревидентски Извештај на Основен Проект за водоводна линија за дел од ул. "Прохор Пчински" – Берово со технички број Р-11/2019 (во хартиена и електронска форма), изработен од страна на АКВА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО – Скопје.

Член 3

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се прими и реализира согласно закон.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Берово, како примател на донацијата и Студио Џон и Џони Скопје, како донатор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4656/1 Совет на Општина Берово
26.12.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Програмата за работа на
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите
за 2020 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година, Бр.09-4657/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 26.12.2019 година.

Бр.08-4660/19 ОПШТИНА БЕРОВО
26.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 29 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19) , Советот на Општина Берово на 28-та седница одржана на 26.12.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Програмата за работа на
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите
за 2020 година

1. Советот на Општина Берово ја усвојува Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4657/1 — Совет на Општина Берово
26.12.2019 година — Претседател
Б е р о в о — Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002), во согласност со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година бр.09-4287/1 од 27.12.2018 година, врз основа на поднесено барање со наш архивски број 05 – 4516/1 од 19.12.2019 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување на средства од**
**Буџетот на Општина Берово за 2019 година**

1. На Индивидуален Земјоделец ЛЕНИШКА РЕКА Вангелина Јован Пармачка с.Будинарци Берово, врз основа на поднесено Барање до Општина Берово со наш архивски број 05 – 4516/1 од 19.12.2019 година, како организатор на настан, се одобруваат средства во износ од **4.000,оо денари** како финансиска поддршка за сточарска вечер во с.Будинарци.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2019 година **програма А0 Совет на Општина Берово**, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на име на Индивидуален Земјоделец ЛЕНИШКА РЕКА Вангелина Јован Пармачка с.Будинарци Берово, **со ЕМБС xxxxxxxxx** и **ЕДБ xxxxxxxxxxxxx**, на сметка со број **xxxxxxxxxxxxxxx** на **Уни Банка АД Скопје**.

4. Индивидуален Земјоделец ЛЕНИШКА РЕКА Вангелина Јован Пармачка с.Будинарци Берово се задолжува да поднесе извештај за потрошените средства од точка 1 на ова Решение до Одделението за финансиски прашања на Општина Берово.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

*Изготвила: м-р Зорица Ризовска с.р.*
*Контролирала: Емилија Ваканска с.р.*

**Бр. 05 – 4516/2** — **Општина Берово**
**26.12.2019 година** — **Градоначалник**
**Берово** — **Звонко Пекевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002), член 15 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година (Службен Весник на Република Македонија број 238/2018) и согласно член 19 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година со наш архивски број број 09 - 4287/1 од 27.12.2018 година (Службен Гласник на Општина Берово 15/2018), а врз основа на поднесено Барање наш архивски број 05 – 4256/1 од 27.11.2019 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување на парична помош од**
**Буџетот на Општина Берово за 2019 година**

1. На **Делче Џурковски** со адреса на живеење **„Пиринска" бр.хх** од **Берово** со **ЕМБГ ххххххххххххх** се доделува парична помош согласно член 15 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година и согласно член 19 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година, во износ од **15.000,оо денари**, поради смрт на родител на именуваниот кој е вработен во Општина Берово.

2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2019 година **програма Д0 Градоначалник** потставка 413 110 тековни резерви (разновидни расходи).

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на име на **Делче Џурковски** на трансакциска сметка **ххххххххххххххх** на Охридска Банка Ад Скопје.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

*Изготвила: м-р Зорица Ризовска с.р.*
*Контролирала: Емилија Ваканска с.р.*

**Број 05 – 4256/2** | **Општина Берово**
**02.12.2019 година** | **Градоначалник**
**Берово** | **Звонко Пекевски с.р.**

*Доставено до:*

- *именуваниот*
- *архива на Општина Берово*
- *Одделение за човечки ресурси*
- *Одделение за финансиски прашања*

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002), член 4 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош бр. 01 - 543/1 од 01.03.2016 година, и врз основа на поднесеното барање со број 05 - 4575/1 од 20.12.2019 година и Записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош со архивски број 05 – 4575/2 од 24.12.2019 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за исплата на парична помош**
**од Буџетот на Општина Берово за 2019 година**

1. Од средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година на лицето **Илија Финдаковски** со адреса на живеење **ул. „Климент Охридски" бр. xx** во **Берово** со **ЕМБГ xxxxxxxxxxxxxx**, да се исплати парична помош во висина од 2.000,оо денари поради болничко лекување.
2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2019 година програма **А0 Совет на Општина**, потставка **464 990** други трансфери.
3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на **Илија Финдаковски** на трансакциска сметка **xxxxxxxxxxxxxxx** на Уни Банка АД Скопје.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Од страна на лицето Илија Финдаковски е поднесено Барање за добивање на еднократна парична помош со наш архивски број 05 – 4575/1 примено во архива на Општина Берово на ден 20.12.2019 година. Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош го разгледа поднесеното барање на ден 24.12.2019 година и од страна на Комисијата е изготвен Записник со архивски број 05 – 4575/2 од 24.12.2019 година, во кој од приложените документи Комисијата констатираше дека потребната документација е комплетна и барателот ги исполнува критериумите за доделување на средства за еднократна парична помош согласно член 4 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош со архивски број 01 - 543/1 од 01.03.2016 година.

Врз основа на претходнонаведеното, Градоначалникот одлучи како во член 1 од изреката на ова Решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе приговор до градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена од приемот на истото.

*Изготвила: м-р Зорица Физовска с.р.*
*Контролирала: Емилија Ваканска с.р.*

**Бр. 05 – 4575/3**
**24.12.2019 година**
**Берово**

**Општина Берово**
**Градоначалник**
**Звонко Пекевски с.р.**

*Доставено до:*
*- именуваниот*
*- архива на Општина Берово*
*- Одделение за финансиски прашања*
*- Комисија за доделување на еднократна парична помош*

ИЗДАВА:
ОПШТИНА БЕРОВО